**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09- 21**
**06.03.2020 година**
**Битола**

| **ООУ„Александар Турунџев“с.Кукуречани** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 16 до 18.12.2019 година |
| **Број на извештај:** | 21/пелагониски/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Кочо Прчковски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Број на подрачни училишта:** | 6 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Битола |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 206 |
| **Полова структура на ученици:** | 108 машки и 96 женски |
| **Број на наставници:** | 36 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Татјана Марковска |
| **Директор на училиштето:** | Бранка Лазаревска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 14 до 16 ноември 2016 г. |
| **Адреса на училиштето:** | с.Кукуречани |
| **Телефон:** | 047/511-451 |
| **Факс:** | 047/511-451 |
| **e-mail:** | aturundzev@ yahoo.com |
| **Оценка од ИЕ** | добро 2,56 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/06; 81/08, 148/09 ,57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција периодот од 13.12 до 18.12. 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ОУ „Александар Турунџев“с. Кукуречани, општина Битола.

. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието. Во процесот на интегралната евалуација се изврши и вреднување на исполнетоста на работните обврски на наставниците, воспитувачите во продолжен престој и стручните соработници вработени во ова училиште.

За време на тродневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела (Наставнички совет, Училишниот одбор и Советот на родители). Се водеа разговори со фокус групи на ученици ,со наставниците по стручни активи , со членови на тим за изготвување на Самоевалуација и админстративна служба.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи , посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуечани, општина Битола е 2,56 **добро[1].**

Наставата во ООУ „Александар Турунџев“ с.Кукуречани, општина Битола, се реализира во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. По наставниот предмет физичко и здравствено образование, поради немање на фискултурна сала во подрачните училишта со потешкотии се реализираат сите елементи од наставната програма .

Учениците од прво до шесто одделение по наставните предмети математика и природни науки следат настава по нови наставни програми превземени и адаптирани од наставните програми на Кембриџ. Во училиштето се реализира програма за хор и оркестар .

Во рамки на училиштето формиран е инклузивен тим кој има изработено Програма за работа

Покрај редовната настава во училиштето се реализира дополнителна, додатна настава. За додатна настава има распоред кој ги следи насоките од законот за основно образование, со изготвување на месечен распоред за секој наставник Воннаставни активности се реализираат во согласност со можностите и интересот на учениците.

За учениците од I до III одделение во училиштето има изработено Проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава . Во училиштето не се реализира  истата , од причина што не постои интерес од страна на родителите.

Училиштето има изготвено анализа за постигањата на учениците по наставни премети и класификациони периоди. Во полугодишните полугодишните и годишните извештаи има показатели за постигањата на учениците по паралелки и по наставни предмети, како и споредбени анализи со предходни учебни години.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование .

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците и презема мерки за опфат на учениците од својот реон. За оваа учебна година опфатени се сите ученици во прво одделение од реонот на опфат.

Во ООУ„Александар Турунџев“ с. Кукуречани нема ученици кои ја повториле година во последните три учебни години.

Во училиштето постои договорена процедура за поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служб број 01-199/1 од 26.11.2011 годинса .До 01.09. во тековната година потребно е да се изработат и предадат планирањата кај стручната служба. За истото постои евиденен лист кој го води и содржински го следи педагогот на училиштето..

Сите  наставниците имаат изработено и предадено годишни, тематски и тематско-процесни планирања, а тековно изготвуваат и оперативни планови за реализација на наставниот час.  Планирањата не кај сите наставници ги содржат најголемиот број елементи за планирање на квалитетна настава. Оперативните планови за час кај поголем дел од наставниците не ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час. Дел од наставниците планираат диференцирани цели за работа и постигања  на учениците.

Од посетата на часови во училиштето се констатира дека дел од наставниците користат традиционална настава. Современи интерактивни методи и форми на работа користат наставниците при реализација на наставата според можностите ипотребите. .

Во Годишната програма за работа на стручната служба и директорот на училиштето планирани се активности за следење на наставата. Поголем број од наставниците во текот на наставната година се посетени на час. Од следењето на наставниот процес во училиштето се води евиденција-образец за следење на наставата со дефинирани стандарди за следење на наставен час, при што на наставниците им се дава повратна информација, најчесто непосредно по извршениот увид.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Мал е бројот  на наставници кои користат различни техники на оценување: самооценување, меѓусебно оценување, градење на критериуми, водење на портфолија и др., а за истото делумно се запознаени учениците и нивните родители. Наставниците во одделенска настава водат досие за секој ученик каде се евидентираат неговите активности и постигања.

За напредокот на своите деца на родителите им се даваат усни и писмени информации. Родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби кои редовно се одржуваат во училиштето, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Но од инспекцискиот увид како и од реализираните состаноци со органите во училиштето се констатира дека вклученоста на родителите во работата на училиштето, присутноста  на родителските средби и во советот на родители делумно задоволува.

Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. За оваа учебна година училишните објекти се осигурани. Училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените и учениците. Во училиштето има еден наставник со сертификат за давање на прва помош, а за останатите наставници е извршена интерна обука за давање на прва помош на лица при несреќи.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Во училиштето на видни места има поставено патокази за излез.. Училиштето во оваа учебна година има изведено симулација за постапување во случај на земјотрес. Училиштето располага со вкупно 12 против пожарни апарати (ППА), од кои 6 ППА се поставени во централното училиште и во секое подрачно училиште поставен е по еден ППА. Против пожарните апарати редовно се сервисираат.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанции.

Во училиштето не се дистрибуира храна за учениците. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

Училиштето за оваа учебна година има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор

Во училиштето формирана е комисија од одделенските раководители од IX одд. и стручниот соработник-педагог за професионална ориентација на учениците. Комисијата има изготвено програма за професионална ориентација на . Училиштето има пропишана процедура за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Педагогот во училиштето има изготвено програма за работа со учениците со емоционални проблеми. За учениците кои имаат емоционални потешкотии, педагогот врши советодавни разговори со учениците и нивните родители. Училиштето нема вработено стручно лице-психолог.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици.Училиштето има изготвено Кодекси за однесување на наставници и ученици и Куќен ред за однесување на сите вработени и ученици. Истите се истакнати на видни места во училиштето.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност, но постојат докази за изречени дисциплински мерки за нарушени односи меѓу поединци. Претседателот на ученичкиот парламент се поканува и присуствува на седниците на Наставнички совет и на Совет на родители.

Во училиштето формиран е ученички парламент, кој се залага за решавање на проблеми и носат одлуки за работи кои се од непосреден интерес на учениците и училиштето. Учениците преку избраните претставници во ученичкиот парламент, се информираат за работите во училиштето што се од нивен интерес. Од страна на педагогот во училиштето е реализирана работилница со одделенските раководители на тема: „Демократско учество на учениците во училиштето“.

Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и пошироко. Промовирањето на личните постигања на учениците се врши при одбележување на патрониот празник на училиштето, на крајот од учебната година, на отворени средби со родителите и на други јавни манифестации на локално ниво. Во училиштето во ходниците има поставено паноа на кои се истакнати постигањата на учениците, освоените награди и пофалници, лични творби, цртежи, песни и друго. Постигањата на учениците се промовираат на веб страната на училиштето, фејзбук профил, училишен весник, брошура за ученици и родители и на локалните ТВ станици.

Во училиштето има пропишана процедура за соработка со родителите. Родителите учествуваат во работата на училиштето, преку советот на родители и преку Училишниот одбор. Нивното присуство и учеството во креирањето на училишниот живот задоволува.

Соработката со локалната самоуправа, бизнис заедницата и невладини организации е добра. Училиштето во соработка со локалната самоуправа во последниве три години има реализација на поважни проекти за подобрување на инфраструктурата во училиштето.

Училиштето во Годишната програма за работа, планира активности за професионален развој на наставниците и на стручните соработници. Врз основа на спроведената самоевалуација на работата на училиштето, во Програмата за развој планирана е и стратешка цел за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници. Во училиштето формиран е тим за професионален развој, кој има изготвено програма за професионален развој на наставниците. За наставниците-приправници преку менторска работа и педагошко-инструктивна работа на педагогот и директорот на училиштето се дава помош на наставниците-приправници

Училиштето финансиски средства ги добива преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. На сопствената сметка -787 училиштето има прилив на средства од издавање под закуп на училишна економија (земјиште).

Училиштето од општина Битола има добиено согласност за издавање на училишен простор под закуп.

Во училиштето управува Училишен одбор, кој го сочинуваат 7 члена и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование. Во тек е постапка за изработка на нов Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи согласно своите надлежностите и има Програма и Деловник за работа, со кој се организира работењето. Состаноците на УО се одржувани со законскиот кворум за работа.

Директор на училиштето е Бранка Лазаровска именувана од Градоначалникоs на општина Битола со Решение број 08-441/3 од 12.06.2018 година

Раководниот орган ги исполнува законски и статутарно поставените услови за директор на училиштето. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање на работата на училиштето, во организирањето и реализацијата на воспитно образовната работа и обезбедување на услови за нормално изведување на наставата, преку годишната програма за работа на училиштето и сопствената програма.

Училиштето има изработено Самоевалуација со деловоден број 01-145/1 од 28.05.2018 година и Програма за развој заведена со деловоден број 01-190/1 од 21.06.2019 година

За учебната 2019/2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа 01-225/1 од 20.08.2019 година и истата е усвоена од Советот на Општина Битола .

Училиштто има Статут за работа 02-24/3 од 26.01.2009 година, а кој има има Решение за согласност од МОН број 19-4948/2 од 07.08.2009 година. Во тек е постапка за изработка на нов Статут согласно Законот за осното образование,.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб Здружение-Училишен спортски клуб Александар Турунџев село Кукуречани –Битола , со решение од Централен регистар број 304200180001023 од 19.09.2018 година. Претседател на училишен спортски клуб е Драгица Чаловска .

Во училиштето има формирано инклузивен тим за 2019/2 година формиран со Решение број 02-27/17 од 02.09.2019 година .. Училиштето во проектот за Меѓуетничка интеграција соработува со ОУ„крсте Петков Мисирков“ Битола и ОУ„Гоце Делчев“ Битола

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Александар Турунџев”с.Кукуречани општина Битола е лоцирано на излезот од селото на патот Битола - Демир Хисар.

Централното училиште е сместено во училишна зграда која е градена во 1964 година со визби, приземје и спрат со вкупна површина од 1518 $m^2$. Располага со дворна површина од 8050 $m^2$. Затоплувањето е со сопствено парно на течно гориво.

Во состав на училиштето влегуваат основните петгодишни подрачни училишта во селата: с.Крклино, с.Драгожани, с.Црнобуки, с.Габалавци, с.Лисолај и с.Лопатица, а се школуваат ученици и од селата: с.Секирани, с.Црнеец, с.Ново Змирнево и с.Драгарино, вкупно 11 населени места.

Училиштето е основано со акт- Решение број 01-6128/1 од 27.02.1963 година, од страна на Народниот одбор на општина Кукуречани. Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 13-2131 од 05.06.1986 година од страна на Секретаријатот за општествени дејности при Собрание на општина Битола. Училиштето е запишано во Централен регистар на основните училишта во Министерството и во регистарот на основните училишта што го води општината за своето подрачје. Училиштето за оваа учебна 2019/20 година има изготвено Годишна програма за работа на училиштето и истата е усвоена од Советот на Општина Битола .

Во оваа учебна 2019/20година, настава во училиштето се изведува од прво до деветто (1-9) одделение во една училишна зграда во централното училиште и во 6 подрачни училишта. За реализација на воспитно-образовниот процес вклучени се 34 наставници и 2 стручни соработници, од кои 3 дополнуваат од други училишта. Во ова училиште има двајца наставници кои се со права и обврски во други училишта , а дополнуваат до полн фон во ова училиште.

Оваа учебна година во училиштето се запишани 206 ученици распределени во 21 паралелки од кои 14 чисти и 7 комбинирани паралелки во одделенска настава. Наставата се изведува на македонски јазик, а од странските јазици се изучуваат Англиски јазик и Француски јазик.

Во училиштето се вработени: директор, педагог, 6 лица дополнуваат до полн фон во библиотека , секрета, благајник и 10 хигиеничари , 1 хаусмајстор и еден економ..

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставата во ООУ „Александар Турунџев“ с.Кукуречани, општина Битола, се реализира во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. По наставниот предмет физичко и здравствено образование, поради немање на фискултурна сала во подрачните училишта со потешкотии се реализираат сите елементи од наставната програма .

Учениците од прво до шесто одделение по наставните предмети математика и природни науки следат настава по нови наставни програми превземени и адаптирани од наставните програми на Кембриџ. Во училиштето се реализира програма за хор и оркестар .

Училиштето на родителски средби, на состаноци одржани со претставниците на советот на родители и преку изготвена брошура која е доставена до сите ученици, ги информира родителите, учениците и сите други заинтересирани субјекти за целите и промените на наставните планови и програми Во редовната настава има вклучено две со потешкотии во учењето, без наод и мислење .

Во рамки на училиштето формиран е инклузивен тим кој има изработено Програма за работа. Со измените во наставните планови и програми наставниците се запознаваат преку семинари што ги организира Бирото за развој на образованието, како и на состаноците на Наставничкиот совет и стручните активи. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби и не се реализираат програми и содржини за работа за ученици со посебни образовни потреби.

Покрај редовната настава во училиштето се реализира дополнителна, додатна настава. За додатна настава има распоред кој ги следи насоките од законот за основно образование, со изготвување на месечен распоред за секој наставник . За истото постои и евиденција. Воннаставни активности се реализираат во согласност со можностите и интересот на учениците.

Училиштето со помош на анкетни листови спроведува анкетирање на учениците за избор на предмети преку листа со понудени три изборни предмети, најчесто водејќи сметка за наставниот кадар застапен во училиштето.

За учениците од I до III одделение во училиштето има изработено Проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава . Во училиштето не се реализира истата , од причина што не постои интерес од страна на родителите.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување ги следи стручната служба преку програма за стручно усовршување на наставниот кадар. Реализираните обуки ги евидентира во педагошки картони на наставниците.

Наставните планови и програми делумно се прилагодуваат на локалната средина Тие се реализираат со посета на одредени објекти на локалната средина и др. Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и

програми дадени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Кај поголемиот дел од наставниот кадар преовладува мислењето дека дел од постојните наставни планови и програми се преобемни, а кај поедини предмети дел од наставните содржини не соодветствуваат за возраста на учениците.

На одржаните состаноци на стручните активи и наставничкиот совет се прибираат и разгледуваат мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Во училиштето има можност за интегративен пристап кон содржините кои можат да се вклучат во реализацијата на повеќе наставни предмети со цел да се подобри квалитетот на наставата.

### 1.3. Воннаставни активности

Наставниците планираат и реализираат воннаставни активности во кои подеднакво се вклучени ученици со различен социјален статус, пол и успех. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности. Наставниците ги насочуваат учениците во слободните ученички активности, имајќи го во предвид нивниот интерес, желба, способност и афинитет. Формираните групи од ученици се хетерогени без разлика на пол, социјален статус. За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа на секцијата.

Училиштето има формирано спортски клуб запишан во Централен регистар на РМ како училишен спортски клуб „Александар Турунџев“ с.Кукуречани, Битола. Во училишниот спортки клуб членуваат ученици кои се натпреваруваат во поединечни и групни спортови само при одбележување на патрони празници на други училишта.

Училиштето секоја година учествува на ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво, но мал е бројот на ученици кои се вклучени на овие натпревари.

Ученичките излети како воннаставни активности, училиштето ги организира и изведува. Родителите учествуваат во организација и остварување на ученичките излети

Училиштето ги промовира постигнатите резултати на учениците на родителските средби, при одбележување на патрониот празник, учество на спортски и други манифестации, преку изработка на училишен весник, ученичко катче, и преку веб страна на училиштето.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето има изготвено анализа за постигањата на учениците по наставни премети и класификациони периоди. Во полугодишните полугодишните и годишните извештаи има показатели за постигањата на учениците по паралелки и по наставни предмети, како и споредбени анализи со предходни учебни години.

Во училиштето има показатели за успехот на учениците. Од показателте за посигањата на учениците по учебни години се констатира дека успехот во последните три учебни години е добар. Во учебна 2016/17 година општиот успех на ниво на училиште е 3,98, во учебната 2017/18 година 4,02 и во 2018/19 година изнесува 4,03.

Стручната служба ги следи постигањата на учениците по учебни години, изготвува анализи по тронмесечија, а на крајот на полугодие и учебна година .

Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование .

Училиштето им дава подршка и помош на учениците со послаб успех преку задолжителната реализација на програмата за дополнителна настава. За учениците кои имаат потреба од проширување на знаењата и на надарените ученици им се нудат програми за додатна настава но мал е бројот на ученици која ја посетуваат истата.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, при што се изготвува анализа на постигањата на учениците по пол, наставни предмети.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците и презема мерки за опфат на учениците од својот реон. За оваа учебна година опфатени се сите ученици во прво одделение од реонот на опфат.

Од страна на одделенските раководители и стручната служба се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за оправданото и неоправданото отсуство од наставата и се преземаат активности за зголемување на редовноста.

Според направените анализи за просечниот број на изостаноци за изминатата учебна година се констатира дека вкупниот бројот на изостаноци во 2018/19 година е 1906 изостаноци или 1827 оправдани и 179 неоправдани илизостаноци. Бројот на изостаноците е намален во споредба со претходната интегрална евалуација во 2016 година.

Во насока на подобрување на постигањата и редовноста на учениците во училиштето се организира советување на родители за што стручната служба води уредна евиденција Стручната служба изработува квартален извештај за советување на родители и истиот редовно е доставуван до МОН. За учебна за 2017/18 има 14 советувања поради намален успех во учење, поради несоодветно однесување 3 ученици, а во 2018/19 год. реализирани се 12 советувања на родители по однос на: намален успех и 5 советувања поради нередовно однесување .

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно училиште во друго и поседува уредно пополнети преведници и евидентни листи.

## 2.3.Повторување на ученици

Во ООУ„Александар Турунџев“ с. Кукуречани нема ученици кои ја повториле година во последните три учебни години.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето постои договорена процедура за поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служб број 01-199/1 од 26.11.2011 годинса .До 01.09. во тековната година потребно е да се изработат и предадат планирањата кај стручната служба. За истото постои евиденен лист кој го води и содржински го следи педагогот на училиштето..

Преку изработени инструменти на почетокот на учебната година се следат предадените и изготвени планирања на наставниците .

Сите наставниците имаат изработено и предадено годишни, тематски и тематско-процесни планирања, а тековно изготвуваат и оперативни планови за реализација на наставниот час. Планирањата не кај сите наставници ги содржат најголемиот број елементи за планирање на квалитетна настава.Стручнта служба ги евидентира пропустите и им укажува на наствниците. Оперативните планови за час кај поголем дел од наставниците не ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час. Дел од наставниците планираат диференцирани цели за работа и постигања на учениците.

Најголем број од наставниот кадар во училиштето вршат планирање на дополнителна настава, додатна настава.

Наставниците по стручни активи ги изработуваат планирањата.

Почитувајќи го интересот на учениците и согласно расположливите просторни и кадровски потенцијали во училиштето, распоредот на часови во училиштето го изработува наставник во училиштето во соработка со директорот од училиштето.

## 3.2. Наставен процес

Од посетата на часови во училиштето се констатира дека дел од наставниците користат традиционална настава. Современи интерактивни методи и форми на работа користат наставниците при реализација на наставата според можностите ипотребите. .

Кај поголем број од наставниците приодот кон учениците е добар.

Дел од наставниците ги поттикнуваат, насочуваат и им помагаат на учениците да го градат своето знаење во процесот на учење, но дел од наставниците недоволно користат различни пристапи за поттикнување на учењето.

При реализација на наставата се користат расположивите нагледни средства и технички помагала. Компјутерската опрема која е поставена во училници и според потребите недоволно се користи.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирана е дополнителна, додатна настава и воннаставни активности. Во училиштето постои месечен распоред за дополнителна и додатна настава. При реализацијата на воспитно образовниот процес по наставните предмети нема отстапувања од наставните програми, освем на наставниот предмет Физичко и здравствено образование каде сите елементи неможат да се реализираат во подрачните училишта , поради немање на фискултурна сала.

Во Годишната програма за работа на стручната служба и директорот на училиштето планирани се активности за следење на наставата. Поголем број од наставниците во текот на наставната година се посетени на час. Од следењето на наставниот процес во училиштето се води евиденција-образец за следење на наставата со дефинирани стандарди за следење на наставен час, при што на наставниците им се дава повратна информација, најчесто непосредно по извршениот увид.

Настават се следи од директорот и стручниот соработник педагог.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Училниците и ходниците се уредени со ученички трудови и чисти. Инвентарот во училниците е добар . Просториите во кои учат учениците се соодветни спрема бројот на ученици.

Дел од учениците не се доволно мотивирани за учење , да покажуваат активност за време на часовите. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата .

Најолемиот број од наставниците ги поттикнуваат учениците да преземаат одговорност .

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Од страна на одделенските раководители, стручната служба, како и од останатите наставници се идентификуваат потребите на учениците. Низ процесот на наставата наставниците ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Дел од наставните содржини се прилагодуваат согласно потребите и можностите на учениците. Дел од наставниците во процесот на поучување, користат разни техники, со што на учениците им даваат можност за подобрување на постигањата. Стручната служба во училиштето ги следи постигањата на учениците и редовноста, при што констатира состојба и дава предлог по истата.

Од спроведената анкета со репрезентативен број на ученици , се констатира дека наставниците им даваат добри совети како да го подобрат својот успех. Но мал број од анкетираните ученици се изјаснија дека учениците не се однесуваат добро во училиштето и дека не се запознаени со активностите што се организираат за младите луѓе надвор од училиштето.

Наставните содржини недоволно се прилагодуваат согласно потребите и можностите на учениците. Индивидуалниот пристап не се користи доволно во работа со талентирани или надарени ученици, со цел да се задоволи нивната зголемена потреба за учење и напредување.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во целост се почитува законската одредба за информирање на родителите за оцените на учениците во сите периоди на оценување. Следењето и оценувањето на учениците недоволно се планира во глобалниот годишен план, тематското планирање и оперативниот план за наставен час

Мал е бројот на наставници кои користат различни техники на оценување: самооценување, меѓусебно оценување, градење на критериуми, водење на портфолија и др., а за истото делумно се запознаени учениците и нивните родители. Наставниците во одделенска настава водат досие за секој ученик каде се евидентираат неговите активности и постигања.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

За својот напредок учениците редовно усмено се известувани од одделенскиот раководител и предметниот наставник во текот на учебната година. За постигнатиот успех учениците се известувани и со писмени документи: евидентни листови и

свидетелства. На секое тримесечие учениците и родителите се известуваат за постигнатиот успех преку евидентни листови

За напредокот на своите деца на родителите им се даваат усни и писмени информации. Родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби кои редовно се одржуваат во училиштето, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Но од инспекцискиот увид како и од реализираните состаноци со органите во училиштето се констатира дека вклученоста на родителите во работата на училиштето, присутноста на родителските средби и во советот на родители делумно задоволува.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишните згради во централното и подрачните училишта ги задоволуваат стандардите и хигиено-техничките услови за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. За оваа учебна година училишните објекти се осигурани. Училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените и учениците. Во училиштето има еден наставник со сертификат за давање на прва помош, а за останатите наставници е извршена интерна обука за давање на прва помош на лица при несреќи.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Во училиштето на видни места има поставено патокази за излез. Училишниот објект во централното училиште не е обезбеден со ноќен чувар и нема поставено сигурносни камери. Училиштето во оваа учебна година има изведено симулација за постапување во случај на земјотрес. Од страна на општинската организација на Црвен крст-Битола, во училиштето е одржано предавање по прва помош во делот на програмата „Намалување на ризик при појава на природна катастрофа од земјотрес и пожар“. Училиштето располага со вкупно 12 против пожарни апарати (ППА), од кои 6 ППА се поставени во централното училиште и во секое подрачно училиште поставен е по еден ППА. Против пожарните апарати редовно се сервисираат. Училишните објекти во подрачните училишта во с.Лопатица и с.Крклино располагаат со хидранти, додека училишниот објект во централното училиште не располага со хидранти. На објектот во централното училиште има поставено громобранска заштита и извршен е атест за квалитетот на заштитното заземјување.

Училиштето има пишани документи-кодекси, со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето. Во изминатите три учебни години, во училиштето има регистрирано најчесто вербален облик на насилство помеѓу учениците, навреди и закани, заканувачки пораки преку интернет, но исто така детектирани се и поедини навреди на наставник од страна на ученици. Во училиштето изготвена е училишна политика за ненасилно однесување и спроведени се анкети за родители, ученици и наставници за откривање на насилно однесување во училиштето. Реализирани се работилници за ученици, наставници и родители за превенција од насилното однесување. Од страна на педагог во училиштето, спроведено е акциско истражување на тема „Превенција од насилното однесување во училиштето“. За учениците кои несоодветно се однесувале, изречени се педагошки мерки и спроведени се советувања на ученици и родители чии деца несоодветно се однесуваат. Во изминатиот период во училиштето нема регистрирано појава на ученици кои биле жртви на насилство.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанции. Одделенските раководители и стручниот соработник-педагог, реализираат соодветни предавања за штетното влијание на зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго.

Во училиштето не се дистрибуира храна за учениците. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

Училиштето има процедура за идентификација на ученици со телесни пречки во развојот. Во училиштето нема ученик или друго вработено лице кое има физичка попреченост. Пристапот во централното училиштето не е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители/старатели не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Во училиштето идентификувани се 11 ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето повремено обезбедува материјални и финансиски средства за учениците од социјално загрозени семејства и тоа доколку се обезбеди надворешна финансиска поддршка.

Севкупната грижа на училиштето за учениците задоволува.

## 4.2. Здравје

Училиштето за оваа учебна година има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, спортската сала, училишните дворови, и во останатиот училишен простор во централното и во подрачните училишта задоволува, со исклучок на ПУ с.Габалавци, каде учениците користат полски санитарии. Во училниците, ходниците и во училишните дворови има поставено корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето располага со средства за хигиена.

Во училиштето има програма за здравствена заштита на учениците. Преку конкретни насоки и предавања, се посветува внимание на воспитно делување врз учениците за стекнување на навики за одржување лична хигиена. Од страна на Центарот за јавно здравје-Битола, во училиштето реализирани се предавања на следните теми: „Здрава исхрана“, „Сексуално преносливи болести“, „Правилен раст и развој“, „Исхрана на учениците“, „Мали сипаници и како да се заштитиме“, „Децата и дијабетесот“ и други. За учениците од I-во, III-то, V-то и VII одделение, задолжително се вршат систематски прегледи и за сите ученици редовно се врши имунизација, согласно календарот за имунизација. За оваа учебна година за сите вработени во училиштето е извршен систематски преглед. Училиштето соработува со Центарот за ментално здравје, Центар за работа со деца со оштетен слух и говор и со Центарот за социјална работа-Битола.

Училиштето има договорни процедури со кои се дефинираат активности и одговорни лица за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во училиштето формирана е комисија од одделенските раководители од IX одд. и стручниот соработник-педагог за професионална ориентација на учениците. Комисијата има изготвено програма за професионална ориентација на учениците. Во текот на редовната настава преку наставни содржини од одредени наставни предмети, како и преку слободните ученички активности, се врши професионално воспитување и информирање на учениците со одредени занимања. Во рамките на програмата за советодавна помош на учениците за понатамошно образование, стручниот соработник-педагог спроведува анкета за професионални интереси за учениците од деветто одделение, а со резултатите од спроведената анкета се запознаваат нивните родители. Советодавната служба од Центарот за вработување-Битола, врши психолошко испитување на учениците од IX одд. за утврдување на нивните способности. Поединечно советување на учениците за натамошен избор на занимање и запознавање со конкурсот за упис во средните училишта го врши педагогот во училиштето. На отворените денови кои ги организираат средните училишта, се врши презентација за образовните струки и

профили кои се изучуваат во средните училишта. За учениците од IX одд. училиштето организира посета на средни училишта во општина Битола и организира презентација во училиштето од страна на поедини средни училишта.

Училиштето има пропишана процедура за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Педагогот во училиштето има изготвено програма за работа со учениците со емоционални проблеми. За учениците кои имаат емоционални потешкотии, педагогот врши советодавни разговори со учениците и нивните родители. Училиштето нема вработено стручно лице-психолог.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Наставниците во одделенска настава и поедини наставници од предметна настава за учениците водат ученичко портфолио, каде се следи напредокот на учениците. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Стручниот соработник располага со податоци за постигањата на учениците. Запознавањето со постигањата на учениците, се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагогот и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. На крајот од учебната година, педагогот во училиштето изготвува извештај од оценувањето во училиштето.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици.Училиштето има изготвено Кодекси за однесување на наставници и ученици и Куќен ред за однесување на сите вработени и ученици. Истите се истакнати на видни места во училиштето. При изготвување на овие документи наставниците, родителите и ученичката заедница учествувале во изработката и донесувањето на истите. Најголем број од вработените со својата работа придонесуваат за афирмација на училиштето. Но поедини наставници не уживаат респект кај учениците и родителите. Училиштето има пропишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата на однесување, пропишани со кодексите. Во изминатите три учебни години изречени се педагошки мерки и тоа најголем број на усни и писмени опомени на ученици и истите се изрекуваат согласно Правилник за изрекување на педагошки мерки.

Во училиштето формиран е еко одбор, изготвен е еко-кодекс, реализирани се еко-работилници со ученици и наставници и реализирани се еко-акции. Сите наставници во своите годишни планирања, планираат најмалку по една наставна единица од областа на екологијата. Училиштето е вклучено во развојно-истражувачки проект „Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно-образовниот процес во РМакедонија”. Во врска со оваа програма се користени четири еко-стандарди и тоа: Заштеда на енергија, Заштеда на вода, Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето и Уреден и еколошки училишен двор.

Училиштето учествува и на иновацискиот натпревар „Предизвик за млади истражувачи 2“ за креирање на истражувачки проект од областа на техничките и природни науки, при што има добиено финансиска поддршка од Фондот за иновации за проектот: Зелена училница.

Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим. Во оваа учебна година, во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност, но постојат докази за изречени дисциплински мерки за нарушени односи меѓу поединци. Претседателот на ученичкиот парламент се поканува и присуствува на седниците на Наставнички совет и на Совет на родители.

Раководниот и наставниот кадар се постојани во своите напори во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците. Најголем број од вработените успешно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и редовноста на учениците. Дисциплината и взаемната соработка меѓу учениците задоволува. Но забележани се случаеви на несоодветно однесување и почитување на ученици кон поедини наставници. Од страна на педагогот реализирани се советувања за учениците кои несоодветно се однесување.

Во училиштето формиран е ученички парламент, кој се залага за решавање на проблеми и носат одлуки за работи кои се од непосреден интерес на учениците и училиштето. Учениците преку избраните претставници во ученичкиот парламент, се информираат за работите во училиштето што се од нивен интерес. Од страна на педагогот во училиштето е реализирана работилница со одделенските раководители на тема: „Демократско учество на учениците во училиштето“.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и пошироко. Промовирањето на личните постигања на учениците се врши при одбележување на патрониот празник на училиштето, на крајот од учебната година, на отворени средби со родителите и на други јавни манифестации на локално ниво. Во училиштето во ходниците има поставено паноа на кои се истакнати постигањата на учениците, освоените награди и пофалници, лични творби, цртежи, песни и друго. Постигањата на учениците се промовираат на веб страната на училиштето, фејзбук профил, училишен весник, брошура за ученици и родители и на локалните ТВ станици.

Раководниот кадар, стручната служба, како и наставниците, ја согледуваат суштината на пофалувањето на учениците, за натамошно мотивирање и за постигнување на подобри резултати во учењето.

Учениците учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво, но училиштето нема развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа. При учество на натпревари превозот на учениците и наставниците е обезбеден од училиштето.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Учениците преку наставни содржини во одделенска настава, на одделенските часови од програмата за образование за животни вештини (ОЖВ) и на часовите по граѓанско образование, се запознаваат со нивните права и одговорности. Наставниците се запознати со правата на децата, ги запознаваат учениците со нивните права и истите ги почитуваат. Во училиштето функционира ученички парламент, кој е избран слободно и транспаретно, со демократски принципи. Родителите се запознаваат со правата на децата на родителските состаноци и на индивидуални средби со педагогот. На часовите по македонски и англиски јазик и на часовите по граѓанско образование, преку реализирани дебати на тема: „Сите сме исти, сите сме различни“, учениците се запознаваат со нивните права, како и со различните облици на дискриминација.

Во училиштето се реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето планира воннаставни активности за обезбедување на меѓуетничка соработка, како и реализација на наставни часови по англиски јазик, со ученици кои следат настава на друг наставен јазик.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат со сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјална и други разлики. Во училиштето не е забележана појава на етничка, полова или социјална дискриминација.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Во училиштето има пропишана процедура за соработка со родителите. Родителите учествуваат во работата на училиштето, преку советот на родители и преку Училишниот одбор. Нивното присуство и учеството во креирањето на училишниот живот задоволува.

Соработката со локалната самоуправа, бизнис заедницата и невладини организации е добра. Училиштето во соработка со локалната самоуправа во последниве три години има реализација на поважни проекти за подобрување на инфраструктурата во училиштето.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната работа во ОУ „Александар Турунџев“ с.Кукуречани, се реализира во едно централно училиште во с.Кукуречани и во шест подрачни училишта и тоа: во с.Крклино, с.Лопатица, с.Црнобуки, с.Лисолај, с.Драгожани и во с.Габалавци.

Објектите во централното и во подрачните училишта се од цврста градба и ги исполниваат условите за изведување на наставата, согласно нормативот за училишен простор и опрема. Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик во една смена. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Училишниот објект во централното училиште располага со 14 училници, 4 кабинети, библиотека, фискултурна сала, спортски терен и други простории. Затоплувањето на објектот е со сопствено парно греење, на течно гориво. Училишниот двор е ограден и хортикултурно уреден. Во централното училиште има потреба од реконструкција на внатрешни скали, санација на под (стружење и лакирање на паркет) во сите училници. Во соработка со локалната самоуправа и со стопански организации, во централното и во подрачните училишта, се извршени санации и реконструкции на училишните објекти, со исклучок на училишниот објект во с.Габалавци. Во ПУ во с.Крклино има нов училишен објект од монтажен вид, со сопствено парно грење на дрва, со ограден и хортикултурно уреден училишен двор, но нема спортски терен. Во ПУ во с. Лопатица, с.Драгожани, с.Црнобуки и во с.Лисолај извршена е реконструкција на санитарните јазли, извршени се реконструкции на покривите и извршена е санација и молерисување на училниците. Греењето е со печки на дрва. Искористеноста на просторни капацитети во училиштето е добра.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни и технички средства, спортски справи и реквизити, делумно задоволува. Во изминатиот период, поради блокирана сметка на училиштето, недоволно е вршено набавка на нагледни наставни и технички средства. Во централното училиште, во мал број на училници се поставени компјутери, а додека во подрачните училишта нема компјутерска техника. Во кабинетот по информатика е инсталирана компјутерска техника(КТ) и тоа една централна единица со 7 работни места (монитори). Кабинетот по информатика е недоволно опремен со КТ. Во централното и во подрачните училишта има интернет конекција.

Во училиштето има училишна библиотека и има изготвено програма за работа на библиотеката. За работа на библиотеката ангажирани се пет наставници, со вкупно 30 наставни часа.Бројот на вработените не е согласно правилникот за систематизација на работните места и добиената согласност за финансирање на работните места за стручни соработници - библиотекари. Работното време на библиотеката е за секој работен ден од 07:00 до 13.00 часот. Библиотеката располага со вкупно 10700 книги, од кои 8300 лектирни изданија, 1800 книги белетристика и останата стручна литература и енциклопедии. Библиотечната евиденција се води во пишана и електронска форма. Дел од книгите се изложени во витрини, а дел од нов се изложени на полици. Библиотеката е опремена со компјутер и има интернет пристап.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци на стручни активи и на наставнички совет. Директорот и стручната служба водат евиденција за потребите од наставни помагала и материјали за секој наставник. Според финансиските можности на училиштето, се врши набавка на потрошен материјал за изведување на воспитно-образовниот процес. Во финансискиот план за 2020 год. се

предвидени финансиски средства за набавка на наставни нагледни и технички средства, како и набавка на канцелариски материјали. Но поради заостанати долгови на училиштето кон други субјекти, училиштето финансиски е ограничено и нема можност за набавка на нагледни наставни и технички средства.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

За оваа учебна година училиштето има обезбедено доволен број на соодветен наставен кадар, во согласност со Законот за основното образование и Нормативот за наставен кадар. Во училиштето за учебна 2019/20 година, вработени се вкупно 33 наставници, од кои 28 наставници на неопределено работно време и 5 наставници на определено работно време. За изведување на наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение има вклучено и наставник по физичко и здравствено образование. Двајца наставници дополнуваат од друго училиште. Во оваа учебна година нема вработено наставник-приправник. Стручната служба е составена од педагог и библиотекар. Во училиштето нема вработено стручен соработник-психолог. Стручниот соработник-педагог го следи наставниот процес, напредокот на наставниците и учениците.

При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на наставниот кадар, на административните службеници и на помошно-техничкиот персонал ја следи директорот.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар

Училиштето во Годишната програма за работа, планира активности за професионален развој на наставниците и на стручните соработници. Врз основа на спроведената самоевалуација на работата на училиштето, во Програмата за развој планирана е и стратешка цел за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници. Во училиштето формиран е тим за професионален развој, кој има изготвено програма за професионален развој на наставниците. За наставниците-приправници преку менторска работа и педагошко-инструктивна работа на педагогот и директорот на училиштето се дава помош на наставниците-приправници. Идентификувањето на потребите на наставниците и сручните соработници за нивен професионален развој се врши преку анкети, преку следење на часови ос трана на педагогот и директорот, изготвување на план за личен професионален развој и усогласување на ниво на стручни активи.

Во последниве три учебни години, голем број од наставниците имаат посетувано обуки и се стекнале со сертификати, во организација на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Македонскиот центар за граѓанско образование, УНИЦЕФ и УСАИД. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето изготвува акциски планови во кои се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

Наставниот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досија.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето финансиски средства ги добива преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. На сопствената сметка -787 училиштето има прилив на средства од издавање под закуп на училишна економија (земјиште). Јавните набавки за превоз на ученици, осигурување на училишните објекти и огревот ги спроведува општина Битола. Набавките од мала вредност (систематски прегледи на вработените, осигурување на

вработени и ученици,сервисирање на ППА, набавка на канцелариски и потрошен материјал, ученичките излети и др.) ги спроведува училиштето. Во училиштето формирана е комисија за јавни набавки од мала вредност. Во комисијата за јавни набавки има член од Училишниот одбор. При креирање на финансискиот план не се предвидуваат средства за реализација на активности на ученичката заедница и за ученичкиот парламент. Училиштето секоја година, со одлука на Училишен одбор, донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. На секоја седница на УО како и на Наставнички совет дадени се информации за финансиската состојба на училиштето.

Училиштето од општина Битола има добиено согласност за издавање на училишен простор под закуп (дел.бр.41-107/2 од 02.04.2019 год.). Врз основа на добиената согласност, училиштето објавува оглас за издавање на училишни економии (ниви) по закуп. Училиштето со физичките лица склучува договори за издавање на училишен имот под закуп. На сопстената сметка на училиштето, редовно се уплатуваат финансиски средства, согласно потпишаните договори за издавање на училишен имот под закуп.

Во изминатиот период заклучно со месец август 2019 год. поради блокирана сметка на училиштето, буџедските приоритети не секогаш ги отсликуваа приоритетите и образовните цели на училиштето.

# 7. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Во тек е постапка за донесување на нов Статут .

За регулирање на својата работа Училишниот одбор има донесено Годишна програма за работа и деловник за работа.

Состаноците се одржуваат во согласност со Деловникот за работа. Не се присутни појави на одложување на седници. Состаноците на училишниот одбор се оддржувани и се носени одлуки со законскиот кворум за работа.

Надлежностите на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Статутот на училиштето и програмата за работа на Училишниот одбор.

Членовите на Училишниот одбор се запознаваат со финансиското работење на училиштето .

Одлуките што ги носи Училишниот одбор се регистрирани во записниците од одржаните седници и се формулирани како правен акт.

Училиштето има Статут и добиена согласност од Министерството.

Орган на раководење во основното училиште е директорот кој ги исполнува законски и статутарно поставените услови за директор на училиштето. Раководниот орган во својата работа се раководи со својата Годишна програма за работа за директор и Годишната програма за работа на училиштето. Во својата работа директорот се фокусира на идентификувањето потребите за подобрување на условите за работа во подрачните училишта, но и покрај тоа изостанува реализацијата на стратешките цели планирани со програмата за развој на училиштето. Своето работење го заснива на тимско работење со делумно вклучување на вработените.

Најголемиот број на субјекти кои се заинтересирани за работата во училиштето, се изјаснија дека добро соработуваат со директорот. Дел од родителите не се доволно информирани за промените и значајните одлуки во училиштето.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати, но не сите се вклучени во нивната реализација.

Недоволна е заинтересираноста и ангажираноста на родителите во работата на училиштето.

Училиштето има извршено самоевалуација на работењето - 2018 година. Училишниот одбор има формирано училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата. Самоевалуацијата е извршена за сите седум подрачја.

Целите на училиштето се предвидени со Годишната програма за работа и Програмата за развој на училиштето во 2019 година и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика.

### 7.3. Развојно планирање

Основното училиште располага со наставни средства и технички помагала но истите не ги задоволуваат потребите за воспитно образовната работа, посебно со реализацијата на наставните содржини по Кембрич се чувствува се повеќе недостатокот од нагледни средства и помагала. Во подрачните училишта нема доволно наставни средства и технички помагала..

Училиштето во својот развоен план планира подобрување на условите за работа во подрачните училишта. Приоритети во Програмата за развој како и стратешки цели се ставени:

- Подобрување на инфраструктурата во училиштето,
- Подобрување на квалитетот на наставата со примена на наставни средства и помагала
- Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар и
- Подобрување на соработката со родителите и локалната средина

Училишниот одбор и директорот во соработка со локалната, владините, невладините, како и бизнис заедниците треба да настојуваат да дадат приоритет за нивно реконструирање, со изработка на планови и пресметки.

# 8. Наоди и препораки

### Јаки страни

1. Во училиштето постои протокол за поддршка и следење на планирањата на наставниците и наставниот процес од страна на директорот и стручниот соработник.

2. Континуирана и добра дисциплина, успех, следење на учениците во училиштето

3. Функционален и активен училишен парламент , кој има редовни состаноци и иницијативи

4. Условите за работа во централното и подрачните училишта во последните години значително се подобрени.

5. Добра соработка и активности во раководењето и управувањето на училиштето

### Слаби страни

1. Мал број на наставници планираат диференцирани активности за ученици со потешкотии во учењето и за надарени и талентирани ученици.
2. Недоволна опременост со наставни нагледни средства и технички помагала по наставните предмети и по новите програми по Кембрич.
3. Недоволна опременоет на кабинетот по информатика и останатите училници со компјутерска техника.
4. Пристапот во централното училиштето не е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост.
5. Недоволна обученост на наставниците за работа со деца со посебни-образовни потреби и талентирани ученици
6. Нерегулирана работа на библиотека и ангажираност на наставници спротивно на Правилникот за систематизација и добиената согласност за финансирање на работните места за стручни соработници - библиотекари
7. Оштетен кров, подови и дограма во дел од централното и подрачните училишта
8. Несоодветно застапени наставни часови по иновации

### Препораки

1. Наставниците задолжително да планираат диференцирани активности за ученици со потешкотии во учењето и за надарени и талентирани ученици.

2. Да се превземат активности за поголема опременост со наставни нагледни средства и технички помагала по наставните предмети и по новите програми по Кембрич.

3. Училиштето во соработка со локалната самоуправа да даде приоритет и начин на обезбедување на финансиски средства за опремување на кабинетот по информатика и останатите училници со ИКТ.

4. Училиштето да превземе мерки за обезбедување на пристапност во централното училиште на лица со физичка попреченост.

5. Да се превземат активности за обука на наставниците за работа со деца со посебни-образовни потреби и талентирани ученици
6. Да се регулира работата во библиотеката врз основа на дадена согласност за финансирање на работни места библиотека
7. Да се превземат активности за санирање на оштетениот кров, подови и дограма во дел од централното и подрачните училишта
8. Наставните часови по иновации да се застапат со соодветен наставен кадар

| | |
|---|---|
| Кочо Прчковски-Раководител на инспекциски тим | |
| Илија Илиески, Член | |
| Антониела Стојаноска, Член | |